РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СТУДЕНТСКИОТ СТАНДРАД

Скопје, август, 2012 година

ВОВЕД

## И. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Дејноста на студентскиот стандард е регулирана со Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/98 и 40/03). Со оглед дека овој закон е донесен пред четиринаесет години и има само едно изменување и дополнување, со неговата примена во праксата се покажаа одредени недоречености во неговото спроведување кои оневозможуваа ефикасно функционирање на системот на студентскиот стандард.

За да се овозможи развојот на студентскиот стандард има потреба од донесување на нови нормативни решенија во приближувањето на оваа дејност во Република Македонија со системите на студентскиот стандард на државите членки на Европската Унија.

Исто така, со овој закон ќе се овозможи создавање на пазарни можности и потикнување на повеќе учесници да се јавуваат во реализацијата на дејноста на студентскиот стандард во делот на основање и работење на приватни установи за студентски стандард (домашни и странски), но под услови и стандарди кои ќе гарантираат давање на квалитетни услуги.

Целите на студентскиот стандард се усогласуваат со  новите барања на современото високо образование: образование во склад со општите културни и цивилизациски вредности, барањето за оспособување на студентите за живот и работа согласно демократските вредности, современите информациско-комуникациски технологии и научните сознанија и достигнувања, овозможување на оптимални услови на живеење и учење на студентите, созддавање и поттикнување на талентираните студенти, како и помагање на студентите кои се од социјално ранливите категории.

Од ова произлезе заклучокот  дека е потребно  да се донесе нов Закон за студентскиот стандард.

Поради тоа Министерството за образование и наука изготви и на Владата на Република Македонија и достави Предлог за донесување на Закон за студентскиот стандард.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на Законот за студентскиот стандард е донесување на нови современи нормативни решенија кои ќе овозможат приближувањето на оваа дејност во Република Македонија со системите на студентскиот стандард на државите членки на Европската Унија.

Предлог -Законот за студентскиот стандард се заснова на следните начела:

- обезбедување квалитет во дејноста студентски стандард;

- обезбедување на еднаков пристап за сите студенти кои ги исполнуваат условите за сместување во студентски дом;

-обезбедување на еднаков пристап за сите студенти кои ги исполнуваат условите за добивање на студентска стипендија;

Законот за студентскиот стандрад ги содржи следните решенија:

Во Законот за студентскиот стандард се уредува основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за студентскиот стандард како дел од системот на образованието. Под студентски стандард, во смисла на овој закон, се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите. Студентскиот стандард е организирана дејност преку која се овозможуваат и остваруваат материјални и други услови за стипендирање на студентите.

Студентскиот стандард се остварува во установи за студентски стандард кои се организираат како државен студентски дом и приватен студентски дом. Студентски домови се основаат за остварување на интереси и потреби за престој на студентите кои студираат надвор од местото на живеење. Дејноста на студентските домови е од

јавен интерес. Студентски дом е установа која на студентите им обезбедува сместување, исхрана, воспитно-образовна работа, грижа за здравјето, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности поврзани со престојот во студентскиот дом. Доколку студент не може да се смести во државен студентски дом, за студентот може да организира сместување во приватен студентски дом.

Студентскиот стандард се остварува и преку стипендирање на студентите.

Државен студентски дом може да основа Владата на Република македонија. Приватен студентски дом може да основа домашно или странско правно и физичко лице врз основа на одобрение. Во законот се утврдени потребните критериуми за основање на студентски дом, а тоа се: да постојат потреби на државата; доволен број студенти; да се обезбедат потребни средства за основање и работа; да се обезбеди опрема, простор и соодветен кадар, а за основање на приватен студентски дом основачот треба да приложи и банкарска гаранција дека ќе биде во состојба да ги надомести средствата кои студентите ги уплатиле на приватниот студентски дом кој престанал со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат студентите заради префрлувањето во друг студентски дом во земјата. Доколку се исполнети овие услови одлука за давање одобрение за основање на студентски дом донесува Владата на Република Македонија по претходно мислење од Министерството за образование и наука. Студентскиот дом може да отпочне со работа откога Министерството ќе донесе решение за верификација.

Работата во студентските домови во текот на студиската година се утврдува со годишна програма која ја донесува управниот одбор на домот, а годишната програма за работа на приватните студентски домови ја донесува органот на управување на домот.

Запишување и прием во државните студентски домови се врши по пат на конкурс кој го објавува Министерството во средствата за јавно информирање, а

запишувањето и приемот на студентите во приватните студентски домови се врши по пат на конкурс, кој го објавува основачот. Овие конкурси се објавуваат во средствата за јавно информирање што се издаваат на македонски јазик и во средствата за јавно информирање што се издаваат на јазик различен од македонскиот јазик. Во конкурсите се уредуваат и поблиски критериуми за условите за прием, бројот на расположливите места, потребните документи и роковите за пријавување на конкурсот за запишување на студентите во студентските домови. Начинот и постапката за прием на студентите во јавните студентски домови се уредува со посебен акт што го донесува министерот за образование и наука. Право на сместување и исхрана во државните студентски домови имаат студентите кои се школуваат надвор од местото на живеење. При користењето на услугите во студентските домови студентот е должен да се придржува на утврдениот куќен ред што го донесува управниот одбор. На студентите кои не се придржуваат на утврдениот куќен ред може да им се изрече воспитна мерка: писмена опомена, опомена пред отстранување и забрана на користење на услугите во студентскиот дом. Начинот на изрекување на воспитните мерки поблиску се утврдува со статутот на студентскиот дом.

Во студентските домови за примените студенти се води документација и евиденција. Документација во студентските домови е главната книга каде што се води евиденција за примените студенти. Евиденција во студентските домови е досието што се води за секој примен студент. Главната книга на примените студенти е документ од трајна вредност. Поблиските прописи за начинот на водењето на документацијата и евиденцијата во студентскиот дом ги пропишува министерот за образование и наука.

Цената за престојување на студентите во државните студентските домови се утврдува врз основа на реалните трошоци согласно со нормативи и стандарди на овој вид услуги. Министерството за образование и наука за студентите кои се сместени државен студентски дом партиципира во цената за престој до 50% од утврдената цена,

а разликата до вкупната цена ја доплаќа студентот. Министерството може за студентите кои се сместени во приватен студентски дом да партиципира во цената за престој до 50% од утврдената цена, а разликата до вкупната цена ја доплаќа студентот. Нормативите и стандардите врз основа на кои се утврдува цената за сместување и користење на услугите во студентскиот дом ги утврдува министерот за образование и наука, по предлог на стручна комисија составена од министерот. Висината на цената за сместување и исхрана во државните студентски домови ја предлага управниот одбор, а ја утврдува министерот за образование и наука, а висината на цената за сместување и исхрана во приватниот студентски дом ја определува органот определен од основачот.

Со цел откривање, стимулирање и негување на надарени студенти од различни области на науката, техниката, култура, уметноста и спортот, министерството ќе доделува стипендии на студентите. Основни критериуми за доделување на стипендии се: талентираност на студентите,  постигнатиот успех во образованието, како и материјалните можности на студентите и нивните семејства.  Доделување на студентски стипендии се врши врз основа на конкурс кој го објавува Министерството за образование и наука. Конкурсот содржи: видот, бројот и висината на стипендиите, како и потребните документи и рокови за доделување на стипендии. Начинот, видот на стипендиите и постапката на доделувањето на студентските стипендии ги пропишува министерот.

Корисници на студентски стипендии можат да бидат редовни студенти, државјани на Република Македонија, доколку ги исполнуваат условите и критериумите утврдени со конкурсот. Министерството може да доделува стипендии и на странски државјани согласно со одлука на Владата на република Македонија. Начинот и постапката на доделувањето на студентските стипендии на странски државјани ги пропишува министерот.

Орган на управување во државниот студентски дом е управниот одбор. Управниот одбор на државниот студентски дом е составен од девет члена, и тоа: петмина претставници од основачот, двајца од редот на вработените во студентскиот дом, еден претставник од здружението на студентите од универзитетот и еден претставник од универзитетот, а врз принципите на стручност и компетентност. Членовите на управниот одбор се именуваат за период од четири години, со право на уште еден избор. Претставниците од здружението на студентите од универзитетот се именуваат за период додека е со статус на редовен студент. Органот на управување во приватниот студентски дом и неговата надлежност ги определува основачот.

Директорот е раководен орган на студентскиот дом и е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на домот. За директор на државен студентски дом се избира лице кое покрај општите услови утврдени со закон ги исполнува и следните услови: има завршено високо образование - VII/1 степен на образование или студии од втор циклус со стекнати 240 ЕКТС и има пет години работно искуство по завршувањето на високото образование. Мандатот на директорот на државниот студентски дом трае четири години со право на повторен избор. Директорот на државниот студентски дом го именува и разрешува министерот за образование и наука, по мислење на управниот одбор на домот и универзитетот. Директорот на приватниот студентски дом го именува и разрешува основачот.

Во државните студентски домови се формира совет на станари кој го сочинуваат претставници од студентите кои престојуваат во студентскиот дом. Советот станари ги врши следниве работи: разгледува прашања и дава мислење за подобрување на животот и работата на студентите во студентскиот дом, соработува со директорот и со други вработени во домот и врши и други работи од интересот за престојот на студентите во домот. Работата, бројот на членовите, начинот на изборот и организацијата на советот на станари се утврдува со статутот на домот.

Средства за финансирање на државните студентски домови се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, на начин и со постапка утврдени со Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, како и од корисниците на услуги. За остварување на дејноста на приватните студентски домови средствата ги обезбедува основачот. Студентските домови можат да стекнуваат средства и од: партиципација на корисниците на услуги, продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на дополнителна дејност и легати, донации, завештанија и други извори. Овие средства ќе се користат согласно со финансискиот план на студентскиот дом.

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за образование и наука. Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат, согласно со закон. Кога Министерството ќе оцени дека статутот или друг акт на студентскиот дом не е во согласност со Уставот и со закон, ќе го запре од извршување актот до донесување на одлука на Уставниот суд на Република Македонија. Студентскиот дом е должен да овозможи непречено вршење на стручниот надзор и увид во документацијата и евиденцијата што се води во домот.

Студентските домови во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ја усогласат својата организација, работа, статутите и другите општи акти со одредбите на овој закон. Директорите на државните студентските домови именувани пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кои се именувани.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој закон нема да предизвика финансиски импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД

## I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за студентскиот стандард како дел од системот на образованието.

### Член 2

(1) Студентскиот стандард се остварува во установи за студентски стандард кои се организираат како државен студентски дом и приватен студентски дом (во натамошниот текст: студентски домови).

(2) Студентски домови се основаат за остварување на интереси и потреби за престој на студентите кои студираат надвор од местото на живеење.

(3) Дејноста на студентските домови е од јавен интерес.

(4) Студентските домови имаат својство на правно лице и се запишуваат во Централниот регистар на Република Македонија.

### Член 3

Студентскиот стандард се остварува и преку стипендирање на студентите.

### Член 4

Секој редовен студент, под еднакви услови утврдени со овој закон, има право да престојува во студентски дом.

### Член 5

(1) Во студентскиот дом е забрането верско образование, како и политичко и верско организирање и дејствување.

(2) Во просториите на студентскиот дом се забранува истакнување на партиски и верски обележја.

### Член 6

(1) Студентскиот дом има печат.

(2) Во средината на печатот е грбот на Република Македонија, а од страната името на Република Македонија и седиштето на студентскиот дом.

(3) Согласност на статутот на државниот студентски дом дава Министерството.

(4) Согласност на статутот на приватниот студентски дом дава основачот.

### Член 7

Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата), во согласност со развојните документи го планира и утврдува развојот на студентскиот стандард.

**Член 8**

(1) Под студентски стандард, во смисла на овој закон, се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите.

(2) Студентскиот стандард е организирана дејност преку која се овозможуваат и остваруваат материјални и други услови за стипендирање на студентите.

**Член 9**

(1) Студентски дом е установа која на студентите им обезбедува сместување, исхрана, воспитно-образовна работа, грижа за здравјето, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности.

(2) Доколку студент не може да се смести во државен студентски дом, за студентот може да организира сместување во приватен студентски дом.

(3) Доколку  во студентскиот дом останат слободни места истите може да се пополнат со редовни ученици од средните училишта согласно Законот за ученичкиот стандард.

## II ОСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ

**Член 10**

(1) Државен студентски дом може да основа Владата.

(2) Приватен студентски дом може да основа домашно или странско правно и физичко лице врз основа на одобрение, согласно со овој закон.

## Член 11

(1) Услови за основање студентски дом се:

- да постојат потреби на државата;
- доволен број студенти;
- да се обезбедат потребни средства за основање и работа;
- да се обезбеди опрема, простор и соодветен кадар и
- други услови определени со овој или друг закон.

(2) Условите наведени во ставот 1 алинеја 3, 4 и 5 на овој член важат и при основање на приватни студентски домови.

(3) Утврдените нормативи и стандарди за опрема, простор и кадар од ставот 1 алинеја 3, 4 и 5 на овој член ги донесува министерот надлежен за работите од областа на образованието (во натамошниот текст: министерот).

(4) Поблиски прописи за исхрана на студентите во студентските домови донесува министерот врз основа на мислење од надлежна установа од оваа дејност.

## Член 12

(1) Покрај условите утврдени во членот 11 од овој закон, за основање на приватен студентски дом основачот треба да приложи банкарска гаранција дека ќе биде во состојба да ги надомести средствата кои студентите ги уплатиле на приватниот студентски дом кој престанал со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат студентите заради префрлувањето во друг студентски дом во земјата.

(2) Висината на банкарската гаранција од ставот 1 на овој член ја утврдува министерот во зависност од бројот на примените студенти во домот, како и од висината на надоместокот кој се уплаќа за сместувањето и исхраната на студентите.

**Член 13**

Постапката за основање приватен студентски дом започнува со доставување на барање за одобрение за основање на приватен студентски дом со елаборат за основање и предлог основачки акт за основање на приватен студентски дом.

**Член 14**

(1) Елаборатот за основање на приватен студентски дом особено ги содржи: податоците за основачот, бројот на легла за студенти, просторните услови и опрема за остварување на дејноста, изворот на финансиските средства за вршење на дејноста, можноста за обезбедување на потребниот број кадри кои можат да бидат вработени во студентскиот дом и план за начинот на кој ќе бидат исполнети другите услови кои се утврдени во нормативите и стандардите за основање на приватен студентски дом.

(2) Барањето за одобрение за основање на приватен студентски дом со елаборатот за основање на приватен студентски дом и предлог основачки акт за основање на приватен студентски дом се доставува до Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството).

(3) За утврдување на исполнетоста на условите од членовите 11 на овој закон министерот формира комисија составена од претставници од Министерството и Државниот просветен инспекторат.

**Член 15**

Одлука за давање одобрение за основање на студентски дом донесува Владата по претходно мислење од Министерството, доколку се исполнети условите утврдени во членовите 11 и 12 на овој закон.

**Член 16**

Со одлуката од членот 15 од овој закон се утврдува:

- потребниот кадар, опрема и простор според утврдени стандарди и нормативи;
- бројот на студентските легла, и
- почеток со работа на студентскиот дом.

**Член 17**

Основачот е должен при основањето на студентски дом да формира комисија која во согласност со овој и друг закон извршува подготовка за работа на домот.

**Член 18**

(1) Студентскиот дом може да отпочне со работа откога министерството ќе донесе решение за верификација.

(2) По поднесеното барање за верификација Министерството донесува решение за верификација, односно решение за одбивање на барањето за верификација во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(3) Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(4) Министерството води Регистар на студентските домови основани на територијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Регистар).

(5) Поблиски прописи за начинот на верификацијата на студентскиот дом, како и содржината, формата и начинот на водење на регистарот од ставот 4 на овој член ги пропишува министерот.

**Член 19**

(1) Доколку Министерството не донесе решение за верификација, односно не донесе решение за одбивање на барањето за верификација во рокот утврден во членот 18 став 2 од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот заради донесување на решение од страна на министерот.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот.

(3) Министерот е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот 1 на овој член до писарницата на министерот да донесе решение со кое барањето за донесување на решение за верификација е уважено или одбиено. Доколку министерот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Министерството.

(4) Кон барањето за донесување на решение од ставот 1 на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето за донесување на решението за верификација од членот 18 став 2 од овој закон.

(5) Доколку министерот не донесе решение по барањето во рокот од ставот 3 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 5 на овој член да изврши инспекциски надзор во Министерството и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат од ставот 6 на овој член по извршениот надзор согласно со закон, донесува решение со кое го задолжува министерот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(8) Доколку министерот не одлучи во рокот од ставот 7 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот ќе одлучи по поднесеното барање, за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 8 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 6 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот 10 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот 6 на овој член или не поднел пријава согласно со ставот 9 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Министерството дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 11 на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот 12 на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случајот од ставот 13 на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 11 на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку министерот не одлучи во рокот од ставот 8 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.

## Член 20

(1) Владата може до го одземе одобрението по предлог на Државниот просветен инспекторат, ако :

- основачот основа приватен студентски дом спротивно на актот од членот 16 на овој закон и

- се утврди дека приватната установа повеќе не ги исполнува условите од членот 11 и 12 на овој закон или не ги спроведува одредбите на овој закон и подзаконските акти што произлегуваат од него.

(2) Одобрението може да престане и по барање на основачот.

## Член 21

(1) Со денот на донесувањето на актот за одземање, односно престанок на одобрението, приватниот студентски дом престанува со работа.

(2) Врз основа на актот за одземање, односно престанок на одобрението, приватниот студентски дом се брише од регистрот од членот 18 став 4 на овој закон.

(3) Основачот е должен на студентите од приватниот студентски дом што престанал со работа да им обезбеди соодветно сместување и исхрана на трошок на основачот до крајот на студиската година.

(4) Актот за престанување со работа на студентскиот дом од ставот 2 на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

(5) Основачот по донесувањето на актот за престанувањето со работа на студентскиот дом, во рок од три дена од денот на донесувањето на актот, го известува Централниот регитар на Република Македонија за бришење на студентскиот дом од соодветниот регистар.

## III. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

### Член 22

(1) Работата во студентските домови во текот на студиската година се утврдува со годишна програма.

(2) Годишната програма за работа на државните студентски домови ја донесува управниот одбор на домот на предлог на директорот на студентскиот дом најдоцна до 1 ноември во тековната година.

(3) Годишната програма за работа на приватните студентски домови ја донесува органот на управување на домот најдоцна до 1 ноември во тековната година.

## IV. СТУДЕНТИ

### Член 23

(1) Право на сместување и исхрана во државните студентски домови имаат студентите кои се школуваaат надвор од местото на живеење.

(2) Запишување и прием во државните студентски домови се врши по пат на конкурс кој го објавува Министерството во средствата за јавно информирање најдоцна до 15 јули.

(3) Запишувањето и приемот на студентите во приватните студентски домови се врши по пат на конкурс, кој го објавува основачот.

(4) Конкурсите од ставовите 2 и 3 на овој член се објавуваат во средствата за јавно информирање што се издаваат на македонски јазик и во средствата за јавно информирање што се издаваат на јазик различен од македонскиот јазик.

(5) Поблиски критериуми за условите за прием, бројот на расположливите места, потребните документи и роковите за пријавување на конкурсот за запишување

на студентите во студентските домови се утврдуваат со конкурсите од ставовите 1 и 2 на овој член.

## Член 24

Начинот и постапката за прием на студентите во јавните студентски домови се уредува со посебен акт што го донесува министерот.

## Член 25

(1) Студентскиот дом со примените студенти склучува договор за користење на услугите.

(2) Со договорот за користење на услугите се утврдуваат (уредуваат) меѓусебните права, обврски и одговорности на студентите и на студентскиот дом.

## Член 26

(1) При користењето на услугите во студентските домови студентот е должен да се придржува на утврдениот куќен ред што го донесува управниот одбор.

(2) На студентите кои не се придржуваат на утврдениот куќен ред може да им се изрече воспитна мерка: писмена опомена, опомена пред отстранување и забрана на користење на услугите во студентскиот дом.

(3) Забраната на користење на услуги во студентскиот дом, може да се изрече само за потешки повреди на дисциплината.

(4) Забраната на користењето услуги во студентскиот дом може да се изрече до една година.

(5) Изречената воспитна мерка влијае на редоследот и приемот на кандидатите при конкурирањето за прием во домовите.

(6) Против изречената воспитна мерка, студентот има право на приговор во рок од осум дена од денот на доставувањето на одлуката, до органот определен со статутот на установата.

(7) Одлуката по приговорот е конечна.

(8) На студентите кои не се придржуваат на куќниот ред и/или направат штета на домот директорот изрекува и парична казна во висина утврдена со акт на студентскиот дом.

**Член 27**

Начинот на изрекување на воспитните мерки поблиску се утврдува со статутот на студентскиот дом.

**Член 28**

Престојот во студентскиот дом на студентот му престанува ако студентот:

- го завршил образованието;
- не се пријави во роковите што се определени со конкурсот;
- се испише;
- не го почитува куќниот ред и
- во други случаи утврдени со закон и статутот на студентскиот дом.

**Член 29**

Телесното казнување и психичкото малтретирање на студентот е забрането.

## V. ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА

**Член 30**

(1) Во студентските домови за примените студенти се води документација и евиденција.

(2) Документација во студентските домови е главната книга каде што се води евиденција за примените студенти.

(3) Евиденција во студентските домови е досието што се води за секој примен студент.

(4) Главната книга на примените студенти е документ од трајна вредност.

(5) Документација во студентските домови се води и издава на македонски јазик со употреба на кирилското писмо.

(6) Досието на студентот припадник на македонската заедница се води и издава на македонски јазик со употреба на кирилското писмо, а за студентите кои се припадници на другите заедници документација од ставот (2) на овој член се води и издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на заедницата на која припаѓа студентот.

(7) Поблиските прописи за начинот на водењето на документацијата и евиденцијата во студентскиот дом ги пропишува министерот.

## VII. НОРМАТИВА И ЦЕНА ЗА ПРЕСТОЈУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ВО СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ

### Член 31

(1) Цената за сместување и исхрана во државните студентските домови се утврдува врз основа на реалните трошоци согласно со нормативи и стандарди на овој вид услуги.

(2) Министерството за студентите кои се сместени во државен студентски дом партиципира во цената за сместување и исхрана до 50% од утврдената цена согласно со ставот 1 на овој член, а разликата до вкупната цена ја доплаќа студентот.

(3) Министерството може за студентите кои се сместени во приватен студентски дом да партиципира во цената за сместување и исхрана до 50% од утврдената цена согласно со ставот 1 на овој член, а разликата до вкупната цена ја доплаќа студентот.

(4) Нормативите и стандардите од ставот 1 на овој член ги утврдува министерот, по предлог на стручна комисија составена од министерот.

**Член 32**

(1) Висината на цената за сместување и исхрана во државните студентски домови ја предлага управниот одбор, а ја утврдува министерот.

(2) Висината на цената за сместување и исхрана во приватниот студентски дом ја определува органот определен од основачот.

## VIII. СТИПЕНДИРАЊЕ НА СТУДЕНТИ

**Член 33**

Со цел откривање, стимулирање и негување на надарени студенти од различни области на науката, техниката, култура, уметноста и спортот, министерството ќе доделува стипендии на студентите.

Основни критериуми за доделување на стипендии се:

– талентираност на студентите;

– постигнатиот успех во образованието и

– материјалните можности на студентите и нивните семејства.

**Член 34**

(1) Доделување на студентски стипендии се врши врз основа на конкурс кој го објавува Министерството.

(2) Конкурсот од ставот 1 на овој член ги содржи: видот, бројот и висината на стипендиите, како и потребните документи и рокови за доделување на стипендии.

(3) Начинот, видот на стипендиите и постапката на доделувањето на студентските стипендии ги пропишува министерот.

**Член 35**

Корисници на студентски стипендии можат да бидат редовни студенти, државјани на Република Македонија, доколку ги исполнуваат условите и критериумите утврдени со конкурсот.

**Член 36**

(1) Министерството може да доделува стипендии на странски државјани согласно со одлука на Владата.

(2) Начинот и постапката на доделувањето на студентските стипендии од став (1) на овој член ги пропишува министерот.

**Член 37**

Министерството може да партиципира со средства во здруженија, сојузи, научни институции и други организации кои создаваат услови за откривање, стимулирање, проширување и продлабочување на знаењата од областа на науката, техниката, културата, уметноста и спортот кај студентите, согласно закон.

## IX. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ

### Член 38

(1) Орган на управување во државниот студентски дом е управниот одбор.

(2) Управниот одбор на државниот студентски дом е составен од девет члена, и тоа: петмина претставници од основачот, двајца од редот на вработените во студентскиот дом, еден претставник од здружението на студентите од универзитетот и еден претставник од универзитетот, а врз принципите на стручност и компетентност.

(3) Претставниците од здружение на студентите од универзитетот, од основачот и од Министерството не можат да бидат именувани од редот на вработените во државниот студентски дом.

(4) Претставниците на основачот за државните студентски домови ги именува и разрешува Владата.

(5) Претставниците на вработените, на здружение на студентите од универзитетот и на универзитетот се избираат и разрешуваат на начин и по постапка утврдена со статутите на установите, односно статутите на здруженијата на студентите.

(6) Членовите на управниот одбор се именуваат за период од четири години, со право на уште еден избор.

(7) Претставникот од здружениет на студентите од универзитетот се именуваат за период додека е со статус на редовен студент.

(8) Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател.

(9) Одлуките на управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот.

### Член 39

Управниот одбор на државниот студентски дом:

- донесува статут;
- донесува годишна програма за работа и извештај за работата и ги доставува до Министерството;
- донесува годишен финансиски план и го доставува до Министерството;
- донесува завршна сметка и ја доставува до Министерството;
- објавува јавен оглас за избор на директор;
- врши интервју со кандидатите за директор;
- предлага кандидат за директор од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за именување на директор;
- предлага цена за сместување и исхрана;
- одлучува по приговори и жалби на вработените во студентскиот дом;
- одлучува по приговори и жалби на студенти и
- врши и други работи утврдени со статутот на државниот студентски дом.

### Член 40

Органот на управување во приватниот студентски дом и неговата надлежност ги определува основачот.

### Член 41

(1) Директорот е раководен орган на студентскиот дом и е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на домот.

(2) За директор на државен студентски дом се избира лице кое покрај општите услови утврдени со закон ги исполнува и следните услови: има завршено високо образование - VII/1 степен на образование или студии од втор циклус со стекнати 240 ЕКТС и има пет години работно по завршувањето на високото образование.

(3) Мандатот на директорот на државниот студентски дом трае четири години со право на повторен избор.

(4) Доколку директорот на студентскиот дом бил избран два мандати последователно за директор на студентскиот дом, истиот веќе не може да биде избран за директор на тој студентски дом.

(5) Директорот на државниот студентски дом го именува и разрешува министерот, по мислење на управниот одбор на домот и универзитетот.

(6) Директорот на приватниот студентски дом го именува и разрешува основачот.

### Член 42

(1) Директорот на студентскиот дом ја организира и раководи работата на студентскиот дом, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност утврдена со закон и актите на студентскиот дом и го застапува пред трети лица.

(2) Во остварувањето на обврските и раководењето од ставот 1 на овој член директорот:

- предлага годишна програма за работа и презема мерки за нејзино спроведување;

- извршува одлуки на управниот одбор;

- врши избор на вработени;

- предлага до Министерството број на студенти кои треба да престојуваат во следната студиска година;

- одлучува за распоредување на вработените;

- одлучува за престанок на работниот однос на вработените;

- поднесува извештај за реализација на годишната програма и за материјално финансиското работење на установата до управниот одбор и до Министерството и

- врши и други работи предвидени со закон, статут и други акти на студентскиот дом.

**Член 43**

(1) Управниот одбор на државниот студентски дом, три месеца пред истекот на мандатот на постојниот директор, донесува одлука за распишување јавен оглас за избор на директор.

(2) Во објавениот јавен оглас во јавните гласила се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

(3) Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до управниот одбор.

(4) Пристигнатите документи ги прегледува трочлена комисија избрана од управниот одбор чија надлежност се утврдува со статутот на студентскиот дом.

(5) Комисијата е должна во рок од пет дена по завршувањето на огласот да ги разгледа пристигнатите документи.

(6) На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во огласот им се враќаат документите со образложение.

(7) Управниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите, согласно со одредбите од статутот на студентскиот дом.

(8) Членовите на управниот одбор вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите за директор.

(9) Управниот одбор на државниот студентски дом, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите му предлага на министерот кандидат за избор на директор и врши избор на директор.

(10) Министерот, во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот за кандидат за директор, врши избор на директор на државен студентдки дом.

(11) Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката за избор имаат право на жалба по однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(12) Против одлуката на Комисијата од ставот 16 на овој член, кандидатот има право да поведе управен спор пред надлежниот суд.

**Член 44**

(1) На директорот на студентскиот дом му престанува мандатот, ако:

- тоа сам го побара,
- трајно ја загуби способноста за вршење на должноста директор и
- ги исполни условите за старосна пензија.

Директорот на државниот студентски се разрешува пред истекот на мандатот, ако:

- во случај на направена повреда при извршување на закони, други прописи и општи акти, утврдени од страна на Државниот просветен инспекторат;

- ако не ја остварува програмата за работа на студентскиот дом;

- ако по негова вина е нанесена штета на студентскиот дом, студентите и на општествената заедница;

- ако дозволи организирање дејности и активности што се во спротивност со програмата за работа;

- ако дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на студентскиот дом и

- во други случаи утврдени со закон.

**Член 45**

(1) Доколку постојат одредени сознанија за постапување на директорот спротивни на закон и статутот на домот, управниот одбор свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма кој се доставува до директорот.

(2) Директорот има право во рок од седум дена од приемот да се изјасни за наводите во заклучокот.

(3) Доколку управниот одбор не го прифати изјаснувањето на директорот, свикува седница во рок од три дена и во присуство на претставници од Државниот просветен инспекторат и универзитетот врши интервјуирање на директорот. Претставникот од Државниот просветен инспекторат дава мислење за оправданоста на разрешувањето на директорот.

(4) Доколку управниот одбор оцени дека е неопходно, доставува предлог за разрешување на директорот до министерот.

(5) Разрешениот директор во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката за разрешување има право на жалба по однос на спроведување на постапката за разрешување до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Против одлуката на Комисијата од ставот 5 на овој член, кандидатот има право да поведе управен спор пред надлежниот суд.

**Член 46**

(1) Министерот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во студентскиот дом кој ги исполнува условите за директор.

(2) Вршителот на должноста директор ги врши работите до именувањето на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување.

**Член 47**

Директорот кој не е повторно избран на јавен оглас или е разрешен не по своја вина пред истекот на мандатот за времето за кое е избран, се распоредува во студентскиот дом на работно место соодветно на неговата стручна подготовка.

**Член 48**

(1) Во јавните студентски домови се формира совет на станари кој го сочинуваат претставници од студентите кои престојуваат во студентскиот дом.

(2) Советот станари ги врши следниве работи:

- разгледува прашања и дава мислење за подобрување на животот и работата на студентите во студентскиот дом;

- соработува со директорот и со други вработени во домот, и

- врши и други работи од интересот за престојот на студентите во домот.

(3) Работата, бројот на членовите, начинот на изборот и организацијата на советот на станари се утврдува со статутот на домот.

## X. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ

### Член 49

Средства за финансирање на државните студентски домови се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, на начин и со постапка утврдени со Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, како и од корисниците на услуги.

### Член 50

За остварување на дејноста на приватните студентски домови средствата ги обезбедува основачот.

### Член 51

Студентските домови можат да стекнуваат средства и од:

- партиципација на корисниците на услуги;

- продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на дополнителна

дејност и

- легати, донации, завештанија и други извори.

Средствата од ставот 1 на овој член ќе се користат согласно со финансискиот план на студентскиот дом.

## XI. НАДЗОР

### Член 52

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат, согласно со закон.

### Член 53

Кога Министерството ќе оцени дека статутот или друг акт на студентскиот дом не е во согласност со Уставот и со закон, ќе го запре од извршување актот до донесување на одлука на Уставниот суд на Република Македонија.

### Член 54

Студентскиот дом е должен да овозможи непречено вршење на стручниот надзор и увид во документацијата и евиденцијата што се води во домот.

## Член 55

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор, државниот просветен инспектор утврди дека за прв пат е сторена неправилност од членот 56 ставови (1) алинеја 2 и (2) алинеја 4 на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или установата каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот просветен инспекторат, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица, односно за една или за повеќе установи.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или установата над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или установата над која се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку државниот просветен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку државниот просветен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

(9) Државниот просветен инспекторат води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот.

## XII ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 56**

(1) Глоба во износ од 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработен во студентскиот дом, ако:

- телесно казни студент, односно психички го малтретира и

- документација и евиденцијата ја води спротивно од овој закон.

(2) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на студентскиот дом, ако:

- дозволи организирање и дејствување на политички партии и верски организации и се истакнат партиски и верски обележја,

- започне со вршење на дејност пред донесувањето на решение за исполнетост на условите за почеток со работа и вршење на дејност,

- користи печат со несоодветна содржина,

- не донесува годишна програма за работа,

- го спречи или попречува просветниот инспектор во вршењето на работите на просветната инспекција, не му ги даде потребните податоци и не ги изврши пропишаните мерки, и

- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план.

(3) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (2) на овој член.

(4) Глоба во износ од 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко или правно лице, ако основа приватна установа спротивно на одредбите од овој закон.

(5) Глоба во износ од 2.500 до 3.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (4) на овој член.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 57

(1) Студентските домови во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ја усогласат својата организација, работа, статутите и другите општи акти со одредбите на овој закон.

(2) До донесувањето на актите од ставот (1) на овој член се применуваат постојните акти на студентскиот дом доколку не се во несогласност со овој и друг закон.

### Член 58

Директорите на државните студентските домови именувани пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кои се именувани.

### Член 59

Постојниот Државен студентски центар „Скопје“ во Скопје продолжува со работа како Државен студентски дом „Скопје“ во Скопје.

**Член 60**

Поблиските прописи предвидени со овој закон, министерот ќе ги донесе во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

**Член 61**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија” број 37/98 и 40/03).

**Член 62**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД

I. Објаснување на содржината на одредбите на Предлог на Законот за студенскиот стандард.

Со член 1 од Предлог на Законот за студентскиот стандард се уредува основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за студентскиот стандард како дел од системот на образованието.

Со членот 2 се пропишува дека студентскиот стандард се остварува во установи за студентски стандард кои се организираат како државен студентски дом и приватен студентски дом и дека дејноста на студентските домови е од јавен интерес. Студентските домови имаат својство на правно лице и се запишуваат во Централниот регистар на Република Македонија.

Со членот 3 се регулира дека судентскиот стандард се остварува и преку стипендирање на студентите. Со членот 4 се пропишува дека секој редовен студент, под еднакви услови утврдени со овој закон, има право да престојува во студентски дом. Членот 5 забранува верско образование, како и политичко и верско организирање и дејствување во студентскиот дом, а исто така забранува во просториите на студентскиот дом да се истакнува на партиски и верски обележја.

Членот 6 регулира дека студентскиот дом има печат, а во средината на печатот е грбот на Република Македонија, а од страната името на Република Македонија и седиштето на студентскиот дом. Студентскиот дом својата работа ја уредува со статут на кој согласност дава Министерството за образование и наука. Согласност на статутот на приватниот студентски дом дава основачот.

Владата на Република Македонија, во согласност со развојните документи го планира и утврдува развојот на студентскиот стандард (член 8).

Со членот 9 се дефинира што опфаќа студентскиот стандард: обезбедување на сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите, како и остварување на материјални и други услови за стипендирање на студентите.

Со членот 9 истоа така се дефинира што е студентски дом, односно дека тоа е установа која на студентите им обезбедува сместување, исхрана, воспитно-образовна работа, грижа за здравјето, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности. Доколку студент не може да се смести во државен студентски дом, за студентот може да организира сместување во приватен студентски дом. Заради обезбедување на ефикасност во работењето на студентските домови се уредува доколку во студентскиот дом останат слободни места истите може да се пополнат со редовни ученици од средните училишта согласно Законот за ученичкиот стандард.

Се членовите 10 до 21 се уредува основање и престанок со работа на студентскиот дом. Со членот 10 се уредува дека државен студентски дом може да основа Владата на Република Македонија, а приватен студентски дом може да основа домашно или странско правно и физичко лице врз основа на одобрение, согласно со овој закон. Условите за основање на студентски дом се пропишани во членот 11, додека во членот 12 е регулирано дека покрај условите утврдени во членот 11 од овој закон, за основање на приватен студентски дом основачот треба да приложи банкарска гаранција дека ќе биде во состојба да ги надомести средствата кои студентите ги уплатиле на приватниот студентски дом кој престанал со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат студентите заради префрлувањето во друг студентски дом во земјата. Висината на банкарската гаранција ја утврдува министерот во зависност од бројот на примените студенти во домот, како и од висината на надоместокот кој се уплаќа за сместувањето и исхраната на студентите. Постапката за основање приватен студентски дом е уредена со членот 14 и истата започнува со доставување на барање за одобрение за основање на приватен студентски дом со елаборат за основање и предлог основачки акт за основање на приватен студентски дом. Елаборатот за основање на приватен студентски дом особено ги содржи: податоците за основачот, бројот на легла за студенти, просторните услови и опрема за остварување на дејноста,

изворот на финансиските средства за вршење на дејноста, можноста за обезбедување на потребниот број кадри кои можат да бидат вработени во студентскиот дом и план за начинот на кој ќе бидат исполнети другите услови кои се утврдени во нормативите и стандардите за основање на приватен студентски дом (член 14). Одлука за давање одобрение за основање на студентски дом донесува Владата по претходно мислење од Министерството (член 15). Елементите на одлуката се утврдени во членот 16.

Со членот 17 обврска на основачот при основањето на студентски дом е да формира комисија која во согласност со овој и друг закон извршува подготовка за работа на домот. Студентскиот дом може да отпочне со работа откога министерството ќе донесе решение за верификација. По поднесеното барање за верификација Министерството донесува решение за верификација, односно решение за одбивање на барањето за верификација во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето. Министерството води Регистар на студентските домови основани на територијата на Република Македонија (член 18).

Со членот 19 се уредува постапката доколку Министерството не донесе решение за верификација, односно не донесе решение за одбивање на барањето за верификација во рокот утврден во овој закон. Членот 20 пропишува во кои случаи Владата на Републикас Македонија може до го одземе одобрението за работа на приватниот студентски дом. Со денот на донесувањето на актот за одземање, односно престанок на одобрението, приватниот студентски дом престанува со работа. Врз основа на актот за одземање, односно престанок на одобрението, приватниот студентски дом се брише од регистрот, а основачот е должен на студентите од приватниот студентски дом што престанал со работа да им обезбеди соодветно сместување и исхрана на трошок на основачот до крајот на студиската година (член 21).

Членот 22 уредува дека работата во студентските домови во текот на студиската година се утврдува со годишна програма која за државните студентски домови ја донесува управниот одбор на домот на предлог на директорот на студентскиот дом најдоцна до 1 ноември во тековната година, а годишната програма за работа на приватните студентски домови ја донесува органот на управување на домот најдоцна до 15 октомври во тековната година.

Со членовите од 23 до 29 се уредуваат правата и обврските на студентите сместени во студентските домови. Со членот 23 се регулира дека право на сместување и исхрана во државните студентски домови имаат студентите кои се школувааат надвор од местото на живеење. Запишување и прием во државните студентски домови се врши по пат на конкурс кој го објавува Министерството во средствата за јавно информирање најдоцна до 15 јули. Поблиски критериуми за условите за прием, бројот на расположливите места, потребните документи и роковите за пријавување на конкурсот за запишување на студентите во студентските домови се утврдуваат со конкурси.

Начинот и постапката за прием на студентите во јавните студентски домови се уредува со посебен акт што го донесува министерот (член 24). Со членот 25 се уредува дека студентскиот дом со примените студенти склучува договор за користење на услугите. Со договорот за користење на услугите се утврдуваат (уредуваат) меѓусебните права, обврски и одговорности на студентите и на студентскиот дом. Членот 26 го уредува куќниот ред во домот и изрекувањето ма воспитните мерки, а членот 27 пропишува дека со подзаконски акт ќе се уреди начинот на изрекување на воспитните мерки. Членот 28 пропишува кога на студентот му престанува престојот во студентскиот дом, а членот 29 дека телесното казнување и психичкото малтретирање на студентот е забрането.

Членот 30 ја уредува документацијата и евиденцијата која се води во студентските домови за примените студенти и тоа главна книга и досие за студентот. Поблиските прописи за начинот на водењето на документацијата и евиденцијата во студентскиот дом ги пропишува министерот.

Членот 31 го пропишува начинот и постапката за утврдување на цената за сместување и исхрана во државните студентските домови. Истата се утврдува врз основа на реалните трошоци согласно со нормативи и стандарди на овој вид услуги. Со овој член се уредува и процентот со кој Министерството за образование и наука партиципира во цената за сместување и исхрана на студентите во студентските домови. Висината на цената за сместување и исхрана во државните студентски домови ја предлага управниот одбор, а ја утврдува министерот. Висината на цената за сместување и исхрана во приватниот студентски дом ја определува органот определен од основачот (член 32).

Стипендирањето на студентите се уредува со членовите 33 до 37 и тоа со цел откривање, стимулирање и негување на надарени студенти од различни области на науката, техниката, култура, уметноста и спортот, Министерството ќе доделува стипендии на студентите. Со овој член се пропишуваат и основните критериуми за доделување на стипендиите. Доделување на студентски стипендии се врши врз основа на конкурс кој го објавува Министерството (член 34). Кој може да биде корисник на студентска стипендија е уредено со членот 35, а со членот 36 се дава можност Министерството да може да доделува стипендии и на странски државјани согласно со одлука на Владата. Со цел да се создадат услови за откривање, стимулирање, проширување и продлабочување на знаењата од областа на науката, техниката, културата, уметноста и спортот кај студентите Министерството може да партиципира со средства во здруженија, сојузи, научни институции и други организации (член 37).

Главата IX од Законот го уредува управувањето и раководењето со студентските домови.

Орган на управување во државниот студентски дом е управниот одбор. Управниот одбор на државниот студентски дом е составен од девет члена, и тоа: петмина претставници од основачот, двајца од редот на вработените во студентскиот дом, еден претставник од здружението на студентите од универзитетот и еден претставник од универзитетот, а врз принципите на стручност и компетентност (член 38). Со членот 39 се уредуваат надлежностите на Управниот одбор на студентскиот дом, а со членот 40 се пропишува дека органот на управување во приватниот студентски дом и неговата надлежност ги определува основачот.

(Директорот е раководен орган на студентскиот дом и е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на домот. За директор на државен студентски дом се избира лице кое покрај општите услови утврдени со закон ги исполнува и следните услови: има завршено високо образование - VII/1 степен на образование или студии од втор циклус со стекнати 240 ЕКТС и има пет години работно по завршувањето на високото образование. Мандатот на директорот на државниот студентски дом трае четири години со право на повторен избор (член 41). Со членот 42 се уредуваат надлежностите на директорот на домот, а со членот 43 постапката за избор на директор на студентски дом. Членот 44 пропишува кога на директорот на студентскиот дом му престанува мандатот и во кои случаи се разрешува пред истекот на мандатот. Постапката за разрешување на директорот е пропишана со членот 45, а во тие случаи министерот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во студентскиот дом кој ги исполнува условите за директор (член 46). Директорот кој не е повторно избран на јавен оглас или е разрешен не по своја вина

пред истекот на мандатот за времето за кое е избран, се распоредува во студентскиот дом на работно место соодветно на неговата стручна подготовка (член 47).

Во јавните студентски домови се формира совет на станари кој го сочинуваат претставници од студентите кои престојуваат во студентскиот дом (член 48).

Средства за финансирање на државните студентски домови се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, на начин и со постапка утврдени со Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, како и од корисниците на услуги (член 49). За остварување на дејноста на приватните студентски домови средствата ги обезбедува основачот (член 50).

Освен од овие извори студентските домови можат да стекнуваат средства и од други извори кои се наведени во членот 51 од законот.

Со членовите од 52 до 54 се уредува надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон кој врши Министерството, додека инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат, согласно со закон. Со членот 53 се уредува постапката когага Министерството ќе оцени дека статутот или друг акт на студентскиот дом не е во согласност со Уставот и со закон, истиот ќе го запре од извршување актот до донесување на одлука на Уставниот суд на Република Македонија. Студентскиот дом е должен да овозможи непречено вршење на стручниот надзор и увид во документацијата и евиденцијата што се води во домот (член 54). Со членот 55 се уредува постапката при вршење на инспекциски надзор во студентскиот дом.

Со членот 56 се уредуваат случаите и висината на глобата при изрекувањето на прекршоците.

Со членовите 57 до 62 се уредуваат преодните и завршните одредби и тоа: дтудентските домови во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој

закон, ќе ја усогласат својата организација, работа, статутите и другите општи акти со одредбите на овој закон; Директорите на државните студентските домови именувани пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кои се именувани; постојниот Државен студентски центар „Скопје“ во Скопје продолжува со работа како Државен студентски дом „Скопје“ во Скопје; поблиските прописи предвидени со овој закон, министерот ќе ги донесе во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила; со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија” број 37/98 и 40/03).

Со членот 62 се се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Дејноста на студентскиот стандард е регулирана со Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/98 и 40/03). Со оглед дека овој закон е донесен пред четиринаесет години и има само едно изменување и дополнување, со неговата примена во праксата се покажаа одредени недоречености во неговото спроведување кои оневозможуваа ефикасно функционирање на системот на студентскиот стандард.

За да се овозможи развојот на студентскиот стандард има потреба од донесување на нови нормативни решенија во приближувањето на оваа дејност во Република Македонија со системите на студентскиот стандард на државите членки на Европската Унија.

Исто така, со овој закон ќе се овозможи создавање на пазарни можности и потикнување на повеќе учесници да се јавуваат во реализацијата на дејноста на студентскиот стандард во делот на основање и работење на приватни установи за студентски стандард (домашни и странски), но под услови и стандарди кои ќе гарантираат давање на квалитетни услуги.

Целите на студентскиот стандард се усогласуваат со  новите барања на современото високо образование: образование во склад со општите културни и цивилизациски вредности, барањето за оспособување на студентите за живот и работа согласно демократските вредности, современите информациско-комуникациски технологии и научните сознанија и достигнувања, овозможување на оптимални услови на живеење и учење на студентите, созддавање и потткнување на талентираните студенти, како и помагање на студентите кои се од социјално ранливите категории.